РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-377/9
16-10-2024

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот заведен под број 09-377/1 од 24.01.2024 година, против службеното лице ------------, В.Д директор во ---------- и управител на Друштвото за трговија и услуги ------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Против службеното лице е спроведена постапка за порамнување за сторен прекршок по член 45 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од истиот закон, по што сторителот платил половина од изречената глоба и извршил промена на управителство на Друштвото за трговија и услуги --------------.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-377/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива, врз основа на проверка на Образец Изјава на интереси од страна на лицето --------- со бр. 09-2801/1 од 07.06.2023 година, при што е утврдено дека споменатото лице ја извршува функцијата В.Д директор во ------------- и во исто време како сопственик, управува со Друштвото за трговија и услуги -----------------.

ДКСК направи проверка во „Службен весник на РСМ " по што утврди дека од страна на Владата на Република Северна Македонија со акт бр. 15-4864/1 од 16.05.2023 година, лицето Рената Донева е именувана на функцијата В.Д. директор на -------------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По проверка во Дистрибутивниот центар на Централен Регистар на РСМ е утврдено дека истото лице како сопственик управува со Друштвото за трговија и услуги --------------.

Согласно наведеното, ДКСК констатираше дека од страна на лицето ----------- е сторена повреда на член 45 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од истиот закон, по што согласно со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019), ДКСК состави Записник за констатиран прекршок и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог. Во врска со понудената постапка за порамнување, именуваната достави доказ за извршена уплата на половината изречената глоба за погоре констатираната повреда на ЗСКСИ.

Понатаму, ДКСК достави укажување до лицето -----------, дека оваа констатирана состојба на повреда на ограничувањето за вршење на дејност за време на вршење на функцијата, може да се надмине единствено доколку управувањето со трговското друштво го довери на друго лице или тело, освен на членовите на своето семејство.

На ден 16.07.2024 година, лицето Рената Донева достави доказ за извршена промена на управител на Друштвото за трговија и услуги ----------------.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З – раководител
Одобрил: С.С.М. – член на ДКСК